# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## МАРТ 2025 г.






**Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов доби плакета за поддршка на развојот на роботиката**

На Државниот натпревар по роботика што се одржа на 1 март во Скопје, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов доби признание за поддршка на развојот на роботиката, како инвестиција во иднината, во децата, во идните генерации инженери, научници и визионери.

На натпреварот на кој учествуваа 23 екипи, од кои 16 од основни училишта од државата, учесниците, меѓу кои беа тимовите од основните училишта „Св. Кирил и Методиј“ и „Никола Карев“ и од Едукативниот центар „STEM Роботика“ – Кочани се работеше на иновативни решенија за зачувување на океаните.

Државниот натпревар по роботика беше организиран во соработка со Академијата за роботика и иновации, како регионален партнер за натпреварите во „First Lego League“ во Македонија.

Соработката на Општина Кочани со Академијата за роботика и иновации се заснова на потпишаниот меморандум, којшто ја одразува заедничката визија за иднината на младите, за креативно и иновативно општество во коешто тие се двигатели на позитивни промени и економски раст.



**Расчистени мали депонии на неколку локации**

Комуналните служби од Општина Кочани во соработка со КЈП „Водовод“ исчистија повеќе мали депонии на неколку локации во Кочани.

Со механизација на „Водовод“ е отстранет насобраниот смет под ѕидот на улицата „Тодосија Паунов“, во близина



на Железничката станица.

Отстранети се и малите диви депонии на патот од Грдовци кон Прибачево.

На паркингот пред Спортско-рекреативниот центар „Бавчалук“, со поддршка на службите од ЕВН е израмнет насипот, а „Водовод“ ја санираше состојбата со отпадот.

Комуналните служби апелираат граѓаните да го исфрлаат отпадот во канти, соодветни контејнери и да придонесат во одржувањето на хигиената на јавните површини во градот и во населените места.





**Локалниот младински совет на Општина Кочани ја одржа првата работна седница**

На 5 март 2025 г. Локалниот младински совет на Општина Кочани ја одржа првата седница по конституирањето, на која поздравно обраќање пред младите имаше градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.

На седницата за претседател на Локалниот младински совет едногласно беше избран Гаврил Гацов, претставник на Младинската организација „Единство“ од СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани.

За заменик-претседател е избрана Анабела Коцова, претставничка на политичкиот подмладок на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ.

На седницата беше изгласан Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Кочани. На првата работна седница претставниците на Локалниот младински совет дискутираа за изготвувањето на програмата по која ќе работи ова младинско тело и за натамошните активности.



**Се асфалтира дел од улицата „Тодосија Паунов“ во Кочани**

Во рамките на реконструкцијата на левата лента од десниот крак на улицата „Тодосија Паунов“ е поставен новиот асфалтен слој.

Потегот опфатен со реконструкцијата е со ширина од 3,5 метри и должина од 200 метри, спроти Полициската станица во Кочани.

Со градежните активности на улицата „Тодосија Паунов“ се заменети пет канализациски шахти и два сливника.

| | |
|---|---|
| | Работите ги изведува фирмата „Стоименов“ од Кочани, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани. |
| <br> | **Акција за озеленување на јавни површини во Кочани**<br><br>Комуналните служби на Општина Кочани ги озеленуваат јавните површини.<br><br>Се садат култивирани садници од јасен, црвена слива, платан, индиски јоргован, аризонски чемпрес и макрокарпа.<br><br>Нови садници има на улицата „Тодосија Паунов“, кај ОУ „Малина Попиванова“ и на разделното зеленило; на „Димитар Влахов“ и „Бел камен“, како и на западната страна на ридот Локубија.<br><br>Зимзелените садници се засадени на места каде што неодамна се чистеа малите депонии.<br><br>Озеленувањето на јавните површини ќе продолжи и наредниов период. |
|  | **Градоначалникот Љупчо Папазов упати сочувство до семејствата на починатите во големата трагедија во „Пулс“**<br><br>Почитувани сограѓани, ужалени родители и јавност...<br><br>Неизмерна е болката од трагедијата што го снајде Кочани.<br><br>Страотен е екот на тагата од нашите срца.<br><br>Со огромна тага изразувам најдлабоко сочувство за загубата на животите во страшната трагедија што го потресе Кочани.<br><br>Во овие тешки моменти сите наши мисли и молитви се со семејствата и најблиските на загинатите. Ги правиме сите напори и се молиме за што побрзо закрепнување на преживеаните.<br><br>Од мое лично име им благодарам на сите поединци, организации и институции од Македонија и од странство кои ја покажаа својата солидарност во трагичниот настан.<br><br>Вечна им слава на починатите! Нека почиваат во мир! |
| | **Градоначалникот на Општина Кочани со препораки до** |




**КЈП „Водовод“ и до Советот на Општина Кочани**

На колегиумот што на 17 март се одржа во Општина Кочани, по трагедијата што се случи во дискотеката „Пулс“, градоначалникот Љупчо Папазов даде неколку препораки за преземање активности во наредниов период.

Од колегиумот е упатена препорака за целосно почитување на прогласената седумдневна жалост, со што се откажуваат сите настани од забавен, културен и спортски карактер.

Упатена е препорака до Управниот одбор на КЈП „Водовод“ да донесе одлука за проширување на парцелите во Градските гробишта и определување посебно место за починатите во пожарот, како и одлука за бесплатно доделување парцели за починатите и за погребните услуги коишто се во надлежност на КЈП „Водовод“.

Градоначалникот Папазов иницира отворање донаторска сметка во соработка со ОО на Црвен крст Кочани, на која може да се примаат донации за повредените и настраданите. На оваа сметка на Фондот на солидарноста на Црвен крст на РСМ  Општина Кочани ќе донира 3 милиони денари од сопствениот буџет.

Во врска со препораките произлезени од колегиумот и градоначалникот Папазов ќе заседава Советот на Општина Кочани.



**Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов поднесе неотповиклива оставка**

Почитувани сограѓани,

Во овие најтешки мигови за нашата земја и за мене лично, сакам да соопштам дека поднесувам неотповиклива оставка од функцијата градоначалник на Кочани.
Оваа загуба е огромна!

Не постојат зборови што можат да ја опишат болката што ја чувствуваме сите. Тие деца беа наши деца. Ги познавав повеќето од нив, ги познавав и нивните семејства, а со дел од нив сме и семејни пријатели.

Шокот и скршеноста што ги чувствувам ќе траат целиот мој живот. Оваа трагедија ги остави Кочани и Македонија во црнина, а празнината што остана е непреболна.

Барам од сите надлежни институции да ја испитаат одговорноста на сите инволвирани! Непостапувањето е

| | |
|---|---|
| | исто така одговорност. Мора да се истражат сите детали, да се најдат сите пропусти, а сите лица што придонеле кон оваа трагедија мора да одговараат. Јас се ставам целосно на располагање на институциите. Иако според закон немав директни надлежности во овој случај, подготвен сум да одговорам на сите прашања за сѐ, како и за моите лични постапки.<br><br>Нема зборови што можат да ја опишат мојата болка! Но, во овие моменти, мора да покажеме доблест, да манифестираме целосна одговорност и да покажеме разлика во начинот на постапување. Со нашето однесување мора да дадеме пример дека се спротивставуваме на системот кој не функционира. Доколку постои каков било основ за одговорност кај мене, го повикувам обвинителството да го испита тоа и да постапи согласно законите.<br><br>За мене, по оваа трагедија, ништо повеќе нема исто значење! Ова беа наши деца! Многумина, со право, забележаа зошто вчера не излегов во јавност цел ден. Но, тие што ме познаваат знаат колку сум скршен и како го доживувам ова што се случи. Тешко е, и тешко ќе го преживеам.<br><br>Работев чесно и посветено целиот свој живот!<br><br>Никогаш не сум ни помислил дека вака ќе заврши и мојот ангажман, но сега се повлекувам од оваа функција, молејќи го Бога за душите на нашите деца, за нивните семејства и за народот на Македонија! |
|  | **Комеморација за загинатите ученици од СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани**<br><br>Средното општинско училиште „Гошо Викентиев“ одржа комеморација за покојните ученици во трагичниот настан на 16 март, во дискотеката „Пулс“ во Кочани.<br><br>Во длабока тишина, ученици, професори, вработени во СОУ „Гошо Викентиев“ и претставници од Општина Кочани се потпишаа во книгата на жалоста и запалија свеќи за нивните прерано починати врсници Димитар Иванов и Леонид Велков.<br><br>Комеморативно обраќање пред присутните имаше Ненад Ѓорѓиев Вржалски, професор во СОУ „Гошо Викентиев“. |
| | **Отворена книга на спомени за покојните ученици од СОУ „Љупчо Сантов“**<br><br>Средното општинско училиште „Љупчо Сантов“ одржа |

| | |
|---|---|
|  | комеморативен настан за тритеученички кои трагично ги загубија своите животи во пожарот на 16 март, во дискотеката „Пулс“ во Кочани.<br><br>Во книгата на спомените и на ѕидни паноа се оставаа пораки во знак на сеќавање за прекинатата младост на Сара Јорданова, Надица Наунова и Сара Алексова.<br><br>Комеморативно обраќање на настанот имаше Магдалена Антовска, професорка во СОУ „Љупчо Сантов“. |
| <br> | **Изразувањето сочувство и молитвите за покојните продолжуваат во Црковниот храм „Свети вмч. Георгиј“**<br><br>Општина Кочани во соработка со Црковниот храм „Свети вмч. Георгиј“ ја известува јавноста дека граѓаните можат да продолжат да изразуваат сочувство, да палат свеќи и да се молат за покојните во кочанскиот храм, каде што е дислоцирана книгата на жалоста.<br><br>Цвеќињата и фотографиите на загинатите од Паркот на Револуцијата се пренесени на погребните парцели на Градските гробишта во Кочани.<br><br>Собраните средства од граѓаните ќе бидат префрлени на сметката за донација на Црвен крст. |
| **СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ** | |
| <br> | **Советот на Општина Кочани одржа вонредна седница**<br><br>Поради трагичниот настан што се случи во дискотеката „Пулс“ во Кочани, Советот на  Кочани ја одржа 61. вонредна седница, на која донесе одлука за прогласување седумдневна жалост на подрачјето на општина Кочани.<br><br>На продолжението на 61. вонредна седница што Советот на Општина Кочани го одржа на 19 март, беше донесен заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ на 20 март 2025 година да не организира пазарен ден.<br><br>Советот донесе одлука со која се одобрува користење финансиски средства во износ од 3 милиони денари од Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, за помош на семејствата кои имаат починати лица и лица повредени во пожарот во дискотека „Пулс“. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**